***Напомена:*** *Преводот на овој пропис го обезбеди Републичката изборна комисија, со цел на сите заинтересирани да им се олесни учеството на изборите за национални совети на националните малцинства. Овој превод не се смета како официјален правен акт и во случај на било какво несогласување, меродавен е единствено текстот на прописот на српски јазик.*

Врз основа на член 44 став 3, член 52 став 4, член 53 став 3 и член 55 од Законот за националните совети на националните малцинства („Службен весник на РС”, бр. 72/09, 20/14 – УС, 55/14 и 47/18),

Министерот на државната управа и локална самоуправа донесува

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСЕБЕН ИЗБИРАЧКИ СПИСОК НА НАЦИОНАЛНОТО МАЛЦИНСТВО[1]

### Член 1.

Со овој правилник поблиску се регулираат начинот на водење на посебниот избирачки список на националното малцинство (во натамошниот текст: посебен избирачки список) и други прашања кои се од важност за целосно, точно и ажурно водење на посебниот избирачки список.

### Член 2.

Изјавата за поддршка на барањето за образување на посебен избирачки список (Образец 1) испечатена е кон овој правилник и претставува негов составен дел.

### Член 3.

Уписот во посебниот избирачки список се врши исклучиво на лично барање на припадникот на националното малцинство, којшто своерачно потпишан се поднесува во писмена форма до органот на единицата на локалната самоуправа според местото на живеење, односно местото на престој за интерно раселените лица.

Барањето за упис во посебен избирачки список (Образец 2) испечатено е кон овој правилник и претставува негов составен дел.

### Член 4.

Органот на управата на единицата на локална самоуправа, по приемот на барањето за упис во посебен избирачки список, по службена должност врши увид во единствениот избирачки список кој се води во Република Србија, поради утврдување на постоење на општи услови за стекнување на активно гласачко право кај подносителот на барањето.

Ако органот на управата на единицата на локална самоуправа врз основа на извршениот увид утврди дека се исполнети општите услови од став 1 од овој член, донесува решение за упис во посебен избирачки список.

---

[1] „Службен весник на РС", број 61/18

Ако органот на управата на единицата на локална самоуправа утврди дека подносителот на барањето не ги исполнува општите услови за стекнување на гласачко право, донесува решение со кое се одбива барањето за упис во посебен избирачки список.

**Член 5.**

Бришењето од посебниот избирачки список се врши по службена должност или врз основа на барањето за бришење, кое своерачно потпишано се поднесува во писмена форма кај органот на управата на единицата на локална самоуправа според местото на живеење на подносителот на барањето, односно местото на престој за интерно раселените лица.

Барањето за бришење од посебниот избирачки список (Образец 3) испечатено е кон овој правилник и претставува негов составен дел.

**Член 6.**

Посебниот избирачки список може да го водат и ажурираат еден или повеќе службеници коишто мораат да имаат овластување од раководителот на органот и квалификуван електронски сертификат издаден од овластено тело за сертификација.

Ажурирањето на посебниот избирачки список, во смисла на овој правилник, е вршење на сите промени во избирачкиот список (упис, бришење, измена, дополнување или исправка) на начин и по постапка утврдени со закон.

Министерството надлежно за водење на посебниот избирачки список (во натамошниот текст: Министерство) преку веб сервисот од единствениот избирачки список ги презема податоците кои се потребни за ажурирање и вршење на промени по службена должност за гласачите кои се регистрирани во посебниот избирачки список.

**Член 7.**

Право на увид во посебниот избирачки список има секој припадник на национално малцинство со цел проверка на личните податоци запишани во посебниот избирачки список.

Увид во дел од посебниот избирачки список може да се изврши директно во општинската, односно градската управа во која припадникот на национално малцинство има место на живеење, односно престој за интерно раселени лица, согласно законот кој ја уредува заштитата на податоци за личност.

Увидот во посебниот избирачки список, согласно законот кој ја уредува заштитата на податоци за личност, може да се изврши и по електронски пат на официјалната интернет страница на Министерството.

Овластените претставници на подносителите на потврдените изборни листи имаат право на увид во посебниот избирачки список, како и увид во службената документација врз основа на која органот надлежан за водење на посебниот избирачки список врши упис, бришење, измени, дополнувања или исправки на избирачкиот список, во согласност со законот.

**Член 8.**

Решението за заклучување на посебниот избирачки список го донесува и потпишува министерот надлежен за водење на посебниот избирачки список (во натамошниот текст: Министер) или лицето кое тој ќе го овласти и се заверува со печат на Министерството.

Министерството ги заверува печатените изводи од тој список поделени по единици на локалната самоуправа и по избирачките места.

Испечатените изводи од посебниот избирачки список се заверуваат така што на последната страница на изводот се печати редниот број на гласачот со којшто е заклучен изводот, потпис на Министерот или на овластеното лице и отпечаток на печат на Министерството.

По заклучувањето на посебниот избирачки список општинската, односно градската управа барањето за упис на промените во посебниот избирачки список, со прилозите, без одложување му го доставува на Министерството, а најдоцна следниот ден доколку е барањето примено директно пред истекот на работното време.

**Член 9.**

Класификацијата на гласачите на избирачките места се определува со решението на Републичката изборна комисија за единицата на локалната самоуправа, до моментот на заклучување на посебниот избирачки список и со состојба на запишаните по посебниот избирачки список пред неговото заклучување, го врши општинската, односно градската управа.

По заклучувањето на посебниот избирачки список класификацијата на гласачите на избирачките места за сите единици на локалната самоуправа ги врши Министерството со техничка и друга помош од градските и општинските управи.

**Член 10.**

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на водење на посебниот избирачки список на националното малцинство („Службен весник на РС”, бр. 72/14 и 81/14 – исправка).

**Член 11.**

Овој правилник влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Србија”.

Број 110-00-00189/2018-27

Во Белград, 6 август 2018 година

Министер,

Бранко Ружиќ, с.р.

**ПРИЛОЗИ**

**Образец 1.**

**ИЗЈАВА**
**НА ПРИПАДНИК НА НАЦИОНАЛНО МАЛЦИНСТВО ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОБРАЗУВАЊЕ НА ПОСЕБЕН ИЗБИРАЧКИ СПИСОК**

Го поддржувам барањето за образување на посебен избирачки список на ______________________________национално малцинство
(да се наведе името на националното малцинство)

Припадник на национално малцинство _________________, ____________, ______________________
(име и презиме) (ЕМБГ) (адреса на живеење/престој)

Истовремено со потпишувањето на ова барање известен сум за обработката на податоците за личност и се согласувам на обработка на податоците во согласност со законот.

________________
(потпис)

Се потврдува дека оваа изјава ____________________________________ своерачно ја потпиша.
(име и презиме)

Идентитетот на припадникот на националното малцинство утврден е врз основа на увид во лична исправа.

Во согласност со член 44 став 7 од Законот за национални совети на национални малцинства („Службен весник на РС”, бр. 72/09, 20/14 – УС, 55/14 и 47/18) не се наплаќа надомест за заверка.

Зав. бр. ________________

Во ________________, ________________ во _________ часот.
(место) (датум)

Надлежен орган за заверка __________________
(место)

__________________
(потпис)

__________________
(име и презиме)

___________

НАПОМЕНА: Изјавата на подносителот на барањето се репродуцира во потребниот број на примероци. Изјавите се доставуваат наредени по азбучен ред на презимињата на припадниците на националното малцинство, во прилог на пописот на сите припадници на националното малцинство кои го поддржуваат барањето за образување на посебен избирачки список, со тоа што пописот се доставува во писмена и во електронска форма (ЦД) во двете форми мора да биде истоветно. Барањето за образување на посебен избирачки список мора да го поддржат најмалку 5% (а не помалку од 300) од припадниците на националното малцинство за кое се поднесува барањето, а според пописот на населението.

**Образец 2.**

**ОПШТИНА _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _, ГРАД _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _**
(име на единицата на локална самоуправа во која се поднесува барањето)

**Б А Р А Њ Е**

**за упис во посебен избирачки список на _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ национално малцинство**
(име на националното малцинство)

**Поднесител на барањето:**

Име и презиме на гласачот_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Име на еден родител на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Единствен матичен број на граѓанинот гласач

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

Датум и место на раѓање на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Пол на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Место и адреса на живеење на гласачот  _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Место и адреса на престој на гласачот за интерно раселено лице _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Општина/Град_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Телефон _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
(не е задолжително, но пожелно е да се запише)

Јас, _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _,
(име) (татково име) (презиме)

као припадник на _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ национално малцинство поднесувам барање за
(име на националното малцинство)

упис во посебен избирачки список на моето национално малцинство, во согласност со член 32 ст. 1 и 2 и член 47 став 3 од Законот за национални совети на национални малцинства („Службен весник на РС", бр. 72/09, 20/14 – УС, 55/14 и 47/18).

Истовремено со потпишувањето на ова барање известен сум за обработката на податоците за личност и се согласувам на обработка на податоците во согласност со законот.

Поднесител на барањето:

Во _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _, на ден _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
(потпис)

НАПОМЕНА: Сите податоци се пополнуваат читливо, со печатни букви и идентично како што се запишани во личната карта.

**Образец 3.**

**ОПШТИНА _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _, ГРАД _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _**
(име на единицата на локална самоуправа во која се поднесува барањето)

**Б А Р А Њ Е**

**за бришење од посебниот избирачки список на _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ национално малцинство**
(име на националното малцинство)

**Поднесител на барањето:**

Име и презиме на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Име на еден родител на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Единствен матичен број на граѓанинот гласач

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

Датум и место на раѓање на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Пол на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Место и адреса на живеење на гласачот _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Место и адреса на престој на гласачот за интерно раселено лице _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Општина/Град_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

Телефон _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
(не е задолжително, но пожелно е да се запише)

Јас, _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _,
(име) (татково име) (презиме)

поднесувам барање да бидам избришан од посебниот избирачки список на _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
(име на националното малцинство)

национално малцинство, во согласност со член 53 став 3 од Законот за национални совети на национални малцинства („Службен весник на РС ”, бр. 72/09, 20/14 – УС, 55/14 и 47/18).

Истовремено со потпишувањето на ова барање известен сум за обработката на податоците за личност и се согласувам на обработка на податоците во согласност со законот.

Поднесител на барањето:

Во _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _, на ден _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _
(потпис)

НАПОМЕНА: Сите податоци се пополнуваат читливо, со печатни букви и идентично како што се запишани во личната карта.